**20262123341**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВЈЕТО НА РАСТЕНИЈАТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 септември 2026 година.

Бр. 08-5491/1
3 септември 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВЈЕТО НА РАСТЕНИЈАТА

Член 1

Во Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2005, 81/2008, 20/2009, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 150/21), членот 78-б се менува и гласи:

„Со ДФЛ раководи директор, кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, за време од пет години.

За именување на директор на ДФЛ се спроведува постапка согласно со Законот за високи раководители.

За директор на ДФЛ може да биде именувано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за високи раководители.

На директорот на Дирекцијата мандатот му престанува со истекот на мандатот, а пред истекот на мандатот се разрешува и мандатот му престанува по сила на закон согласно со Законот за високи раководители.“.

Член 2

Директорот именуван до денот на започнувањето со примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.“.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 октомври 2026 година.